**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

23.06.2022
03-41/39

Скопје/Shkup, 14 јуни 2022 година/viti
Бр./Nr.41-1445/1

До ЈП Стрежево - Битола

Б и т о л а

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Педесет и втората седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 јуни 2022 година**

„ТОЧКА 9: Информација за последиците по ЈП „Стрежево" – Битола по истекувањето на Договорот за времено одлагање на плаќањето на побарувањето од страна на ЗК „Пелагонија" АД Битола, а се однесува на камата на главен долг врз основа на правосилна пресуда ТСЖ – 262/21 од 11.1.2022 година на Апелациониот суд во Битола, во износ од 45.184.139 денари

Владата по најновиот текст на Информацијата за последиците по ЈП „Стрежево" – Битола по истекувањето на Договорот за времено одлагање на плаќањето на побарувањето од страна на ЗК „Пелагонија" АД Битола, а се однесува на камата на главен долг врз основа на правосилна пресуда ТСЖ – 262/21 од 11.1.2022 година на Апелациониот суд во Битола, во износ од 45.184.139 денари, согласно предлог - решението предложено во новото Мислење на Министерството за финансии, заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да му укаже на ЗК „Пелагонија" АД Битола, да го прифати побарувањето спогодбено, односно да се склучи спогодба помеѓу ЈП „Стрежево" – Битола и ЗК „Пелагонија" АД Битола, со која ќе се потврди побарувањето по основ на камати за ЗК „Пелагонија" АД Битола и истото ќе се исплати со меѓусебни компензации во наредниот период, согласно испорачаните фактури од ЈП „Стрежево" - Битола за годишен надоместок и надоместок за испорачана вода."

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Марија Петровска, виш соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Министерство за финансии
-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
-ЗК „Пелагонија" АД Битола

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk